Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА МЕДИЦИНА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА (3.05.01.07) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/20 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определена е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област орална медицина и пародонтологија (3.05.01.07) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Ана Миновска, редовен професор во пензија за наставно-научна област орална патологија и пародонтологија;
- проф. д-р Вера Радојкова-Николовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, наставно-научна област орална патологија и пародонтологија;
- проф. д-р Киро Папакоча, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област имплантологија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави само доц. д-р Михајло Петровски, доктор на стоматолошки науки.

Кандидатот д-р Михајло Петровски, врз основа на распишаниот Конкурс, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи:

1) Пријава по Конкурс;
2) Диплома за завршени студии од прв циклус на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - копија заверена на нотар;
3) Диплома за завршени студии од втор циклус на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - копија заверена на нотар;
4) Диплома за завршени студии од трет циклус и одбранет докторски труд на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - копија заверена кај нотар;
5) Уверение за положени испити на прв циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 9.31);
6) Уверение за положени испити на втор циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 10,00);
7) Уверение за положени испити на трет циклус студии - копија заверена на нотар (среден успех 10.00);
8) Уверение за положен специјалистички испит од областа пародонтологија;
9) Кратка биографија;
10) Список на објавени научни и стручни трудови;
11) По еден примерок од трудовите;
12) Потврда дека се служи со еден странски јазик;
13) Еден примерок од магистерски труд;
14) Еден примерок од докторски труд;

15) Уверение за државјанство;

16) Копија од важечка лиценца за работа;

17) Копии од издадени учебници, учебни помагала, практикуми и научна монографија во изборниот период.

18) Одлука за избор во наставно-научно звање доцент.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Михајло Петровски е роден на 1 октомври 1984 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование со континуиран одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишал во учебната 2003/2004 година. Во октомври 2008 година ги завршил студиите со просечен успех 9,31 и се стекнал со звањето дипломиран доктор по стоматологија.

Едногодишниот задолжителен стаж го реализира на клиниките во рамките на Универзитетскиот стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје. Со полагање на стручниот испит на 27.11.2009 година се стекнал со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија. Во ноември 2016 и ноември 2023 година д-р Михајло Петровски се релиценцирал, со што ја продолжил дозволата за работа во стоматолошката здравствена дејност.

Со одбрана на магистерскиот труд во декември 2013 година, под наслов „Оралното здравје кај институционализираните стари лица”, д-р Михајло Петровски се стекнал со звањето магистер по стоматолошки науки.

Од декември 2011 година, д-р Михајло Петровски започнал да волонтира на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на студиските програми Стоматологија/ Дентална медицина и Стручните студии за забни техничари – протетичари. Во мај 2017 година д-р Михајло Петровски бил избран во соработничко звање асистент-докторанд од областите пародонтологија и орална патологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со што учествувал во реализирање на практичната настава на студиските програми Дентална медицина и Стручни забни техничари-протетичари.

Во ноември 2021 година го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звање - специјалист по пародонтологија.

Третиот циклус на студии односно докторските студии ги започнал во учебната 2017/2018 на Факултетот за медицински науки, од област базични и клинички истражувања во денталната медицина на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истите ги завршил со остварен просек 10,00 и со освоени 180 кредити. Со одбраната на докторскиот дисертација на 13.12.2021 година, со наслов „Анализа на микротопографските и хемиските карактеристики на коренската површина на забот по спроведена конвенционална и ласер потпомогната пародонтална терапија”, пред Комисијата во состав: проф. д-р Ивона Ковачевска, претседател, проф. д-р Ана Миновска, ментор, проф. д-р

Мирјана Поповска, екстерен ментор, проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска и проф. д-р Киро Папакоча, се стекнал со титулата доктор по стоматолошки науки од областа орална медицина и пародонтологија.

Кандидатот Михајло Петровски покажува особен интерес во следниве научни дисциплини: пародонтологија, орална медицина и патологија, ласеротерапија во стоматологијата, геронтостоматологијата и стоматологијата насочена кон третман на лица со посебни потреби. М-р Михајло Петровски активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од германскиот, францускиот и српско-хрватскиот јазик. Исто така, кандидатот д-р Михајло Петровски поседува напреднати познавања на компјутерските програми потребни за изведување на наставата.

Општи услови за избор
Кандидат д-р Михајло Петровски

- Кандидатот има завршено прв циклус студии со времетраење од пет години студии (300 ЕКТС) на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечен успех 9,31 и втор циклус студии на истиот факултет со просек 10,00 (60 ЕКТС). Кандидатот е магистер на стоматолошки науки.
- Кандидатот е доктор на стоматолошки науки, во областа орална медицина и пародонтологија.
- Кандидатот е избран за доцент на Факултетот за медицински науки во 2017 год. (Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 294 од 1.3.2022 година и Одлука бр. 2002-93/9 од 22.3.2022 година).
- Кандидатот има способност за изведување на високообразовна дејност. Активно учествува во реализација на настава од наставно-образовниот процес на прв циклус на студиските програми – академската студиска програма Дентална медицина и стручните студии за Забни техничари-протетичари, на втор циклус Специјалистички стручни студии за забен техничар – протетичар и на трет циклус студии на Базични и клинички истражувања во дентална медицина.
- Кандидатот поседува потврда за познавање на најмалку еден странски јазик, односно има доставено валиден меѓународен Кембриџ сертификат за англиски јазик, ниво Б1.
- Кандидатот бил ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти од интегрираните студии од прв и втор циклус по дентална медицина и завршни испит кај студентите на стручните студии од прв циклус за стручен забен техничар.
- Кандидатот има објавено минимум пет научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтна публикација во последните пет години.

Бр.	Автори	Наслов на трудот	Списание	Години на излегување на списанието

1.	Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Carcava-Salja,Sofija and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova,Sandra	Influence of xerostomia on diet and nutrition among institutionalized elderly.	2022 Journal of Hygienic Engineering and Design, 40. pp. 215-220.	14 (Индексирано во Scopus)
2.	Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Petrovska,Jasna	Usage of Delaire facemask for treatment of class III malocclusion.	2024 Acta stomatologica naissai, 40 (80). pp. 2814-2822.	42 (Индексирано во Scopus - Q4)
3.	Petrovski, Mihajlo	Prevalence of oral mucosal lesions among the institutionalized elderly people.	2024 Acta Stomatologica Naissi, 40 (89). pp. 2758-2772.	42 (Индексирано во Scopus – Q4)
4.	Petrovski, Mihajlo and Stojanovic, Simona and Petrovic, Simona and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno and Stavreva, Natasa and Veljanovski, Darko and Apostoloski, Pavle	Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions.	2024 Acta Stomatologica Naissi, 40 (9). pp. 2863-2872. ISSN 1820-1202	42 (Индексирано во Scopus- Q4)
5.	Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Spirov, Vancho and Susak, Zoran and Baftijari, Denis and Dervishoski, Alil	Biomechanical Parameters of Implants Placed with Osseodensification Versus Implants Placed with Under-drilling Osteotomy Techniques in Posterior Maxilla: A Comparative Clinical Study.	2024 Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 15 (2). pp. 330-337. ISSN 1857-9655	13 (Индексирано во Scopus)
6.	Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro	Mucogingival approach to implant placement in the maxillary area: a case series.	2026 Acta Stomatologica Naissi, 42 (93). pp. 48-55. ISSN 1820-1202	42 (Индексирано во Scopus – Q4)

Посебни услови:

Кандидат доц. д-р Михајло Петровски

- Кандидатот има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во следниве проекти:

1. Kovacevska, Ivona and Dimova, Cena and Georgiev, Zlatko and Muratovska, Ilijana and Papakoca, Kiro and Bilbilova-Zabokova, Efka and Radeska, Ana and Denkova, Natasa and Naskova, Sanja and Foteva, Katerina and Petrovski, Mihajlo (2014) Анализа и процена на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација.

2. Dimova, Cena and Zdravkovska, Milka and Bosnakovski, Darko and Popovska, Lidija and Kovacevska, Ivona and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Papakoca, Kiro and Serafimov, Aleksandar and Zarkova, Julija and Zlatanovska, Katerina and Petrovski, Mihajlo and Nacev, Ivan (2014) Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system –an experimental study

3. Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski,

Mihajlo and Longurova, Natasa and Arsova, Natasa and Kitanovska, Emilija and Toneva, Verica and Toneva, Aleksandra (2017) Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен.

4. Minovska, Ana and Mirakovski, Dejan and Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Cvetanovska-Stojchevska, Daniela and Aleksandrovska, Ana (2017) Евалуација на присуството на аеросоли како потенцијални загадувачи со стоматолошките ординации.

5. Dimova, Cena and

Papakoca, Kiro and Zlatanovska, Katerina and Naskov, Sanja and Zarkova-Atanasova, Julija and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera and Rogoleva, Sonja and Kocovski, Darko (2018) *Significance of proper oral hygiene for oral health condition of medical science students.*

6. Jovevska, Svetlana and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and Baldzieva, Sanja (2018) *Position of the mental aperture and its relationship with the mandibular channel*

7. CA23125 (TETRA)- The mETamaterial foRmalism approach to recognize cAncer- 30.09.2024 – 29.09.2028

8. CA24147 (AID-AgE)- Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network- 31.10.2025 – 30.10.2029

Кандидатот е автор на позитивно рецензирана учебник, скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД и тоа:

1. Papakoca, Kiro and Mitevski, Kiril and Apostoloski, Pavle and **Petrovski, Mihajlo** (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - Скрипта*. ISBN 978-608-244-406-2.

2. Papakoca, Kiro and Naskova, Sanja and Mitevski, Kiril and Apostoloski, Pavle and **Petrovski, Mihajlo** (2017) *Анатомија на вилици и дентална морфологија - практикум.* ISBN 620 978-608-244-407-9.

3. Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and **Petrovski, Mihajlo** (2019) *Ортопедија на заби и вилици-скрипта.* ISBN978-608-244-653-0.

4. Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2019) *Ортопедија на заби и вилици-практикум.* ISBN 978-608-244-652-3.

5. Minovska, Ana and Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - учебник.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7

6. Minovska, Ana and Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Terzieva-Petrovska, Olivera (2020) *Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции - практикум.* Goce Delcev University, Stip. ISBN 978-608-244-782-7

7. Velickova, Nevenka and **Petrovski, Mihajlo** and Milev, Mishko (2021) *Општа и орална хистологија со ембриологија - учебник.* UGD, Stip.

8. Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Apostoloski, Pavle and Mitevski, Kiril (2023) *Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-004-8

9. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Пародонтологија за стручен забен техничар*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-145-8

10. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Практикум по парадонтологија 1.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-146-5

11. Petrovski, Mihajlo and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno (2026) *Орална патологија (за стручен забен техничар-протетичар),* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-156-4

Кандидатот е автор и на стручна книга објавена во странство

12. Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2018) *Basics Of Geriatric Dentistry.* LAPLAMBERT Academic Publishing. ISBN978-620-2-05734-9.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Михајло Петровски активно е вклучен во изведувањето на теоретската и практичната наставата на Факултетот за медицински науки на студиската програма по дентална медицина и стручните студии за забен техничар-протетичар како волонтер уште во декември 2011 година. Во овој период како волонтер и стручњак од пракса учествува во реализација на практичната настава по предметите:

- Претклиничка пародонтологија;
- Пародонтологија 1;
- Пародонтологија 2;
- Орална медицина и патологија 1;
- Орална медицина и патологија 2;
- Орална медицина и пародонтологија;
- Орална биохемија;
- Клиничка ендодонција 2;
- Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции;
- Ласеротерапија во стоматологија;
- Орална хигиена.

Во соработничкото звање асистент-докторанд на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип, е избран во мај 2017 година (Реферат објавен во Универзитетски билтен бр. 189 од 2.5.2017 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип). Од овој период учествува во изведувањето на практичната настава, односно вежбите за студентите од прв циклус по предметите:

- Претклиничка пародонтологија
- Пародонтологија 1
- Пародонтологија 2
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2
- Ласеротерапија во стоматологија
- Орална патологија и пародонтологија
- Организација на стоматолошка служба
- Пациенти со ризик за стоматолошки интервенции.

Како асистент-докторанд под менторство ја реализирал теоретската настава по предметите:

- Орална патологија и пародонтологија
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2.

Од изборот во доцент до сега учествува во изведувањето на теоретската настава на следниве предмети на интегрираните студии од прв и втор циклус по дентална медицина и на студиите од прв циклус за стручен забен техничар:

- Орална биохемија
- Орална медицина и патологија 1
- Орална медицина и патологија 2
- Претклиничка пародонтологија
- Пародонтологија 1
- Пародонтологија 2
- Ласеротерапија во стоматологија
- Превентива на орални заболувања.

Д-р Михајло Петровски е ангажиран и во изведувањето на теоретската и практичната настава на следниве предмети на стручните студии од втор циклус за стручен забен техничар-протетичар:

- Промени во стомагонатниот систем после губење на забите
- Влијание на протетските помагала врз оралната лигавица
- Пародонтолошки аспекти на современата стоматолошка протетика
- Геронтопротетика.

На третиот циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во денталната медицина, доц. д-р Михајло учествува во изведувањето на следниве наставни предмети:

- Механизам на орална хомеостаза
- Епидемиолошки истражувања во пародонтологијата
- Регенеративни технологии во пародонтологијата
- Хируршки решенија кај мукогингивалните аберации
- Современи дијагностички методи во оралната медицина.

Во текот на својот научен развој доцент доктор Михајло Петровски активно учествува во бројни домашни и меѓународни научни, стручни конференции и симпозиуми со усни и постер презентации како автор или коавтор. Исто така д-р Михајло Петровски се јавува и како ментор на студенти во изработката на трудови за презентирање на студентски конгреси и како и едукатор на работилници.

Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци:

- Списокот на објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатот асистент-докторанд Михајло Петровски се евалуирани и презентирани во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр. 189 од 2 мај 2017 година со вкупно поени 88,5.

(https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/189/pdf/189-6.pdf)

- За изборот во звањето доцент, д-р Михајло Петровски има пријавено 19 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор, учествувал на повеќе научни конференции, истите се евалуирани и бодувани во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" бр. 294 од 1 март 2022 година со вкупно 394,6 поени.

(https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2022/294/pdf/294-4.pdf)

За избор во вонреден професор ги поднесува следниве трудови

I. ***Позитивно рецензирани учебници,скрипти и практикуми објавени на е-библиотека на УГД и тоа:***

1. Papakoca, Kiro and **Petrovski, Mihajlo** and Prosheva Pelivanova, Ljubica and Apostoloski, Pavle and Mitevski, Kiril (2023) *Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија.* Универзитет „Гоце Делчев"- Штип. ISBN 978-608-277-004-8

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1154&ugd=583274ed239af93f2782ee3c77f23ce0)

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 326, од 14.7.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Пародонтологија за стручен забен техничар*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-145-8

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1262&ugd=85661450dfc18a2a9f3c5243836abb2b)

Скриптата е рецензирана во Универзитетски билтен бр. 381 од 2.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

3. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko (2026) *Практикум по парадонтологија 1.* Универзитет „Гоце Делчев"- Штип. ISBN 978-608-277-146-5

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1263&ugd=23ef47b730c1940d8f890ff213141162)

Практикумот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 381, од 2.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

4. **Petrovski, Mihajlo** and Veljanovski, Darko and Mladenovski, Marko and Nikolovski, Bruno (2026) *Орална патологија (за стручен забен техничар-протетичар)* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-156-4

(https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1270&ugd=7a98be936a77da566d9c6aa159396b28)

Скриптата е рецензирана во Универзитетски билтен бр. 385, од 1.4.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

IV. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години:

IV.1. Објавени трудови во целост – in extenso / full text

IV. 1.1. Трудови кои се однесуваат на областа

1. Mladenovski, M., Popovska, M., Aleksovska, D., **Petrovski, M.,** Bexheti Zendeli, L., Spasovski, S., Gjorgovska Spasovska, A., & Toneva Stojmenova, V. (2022). The role and the function of cannabis oil (KANOIL) in the treatment of pain in oral mucositis. Apolonia – Journal of Dentistry, 24(48–49), 47–59.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30935) (**индексирано**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 364 од 15.4.2025 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Petrovski, M., Papakoca, K., Carcava-Salja, S., Prosheva Pelivanova, L., & Atanasova, S. (2022). Influence of xerostomia on diet and nutrition among institutionalized elderly. Journal of Hygienic Engineering and Design, 40, 215–220.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30620) (**индексирано во Scopus**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

3. Petrovski, M., Terzieva-Petrovska, O., Taskov, T., & Papakoca, K. (2022). Side effects associated with chlorhexidine mouthwashes use. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68(Suppl. 1), 377–378.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31208) (**индексирано**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

4. Papakoca, K., & Petrovski, M. (2022). Aesthetics of dental implants – Periodontal and surgical aspects. Knowledge – The Teacher of the Future, 50(4), 505–510.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30083) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

5. Petrovski, M. (2022). Periodontal status of institutionalized elderly. MEDIS – Medical Science and Research, 1(1), 15–20.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30084)
Евалуација на трудот: Трудот обработува значајна и актуелна проблематика од областа на стоматологијата, особено во доменот на пародонтологијата и геријатриската стоматологија. Предметот на истражувањето е од особено значење имајќи ја предвид зголемената потреба од унапредување на оралното здравје и стоматолошката грижа кај старите и институционализирани лица. Прикажаните резултати се систематизирани и интерпретирани на соодветен начин, а заклучоците произлегуваат од добиените наоди. Посебна вредност на трудот претставува неговата практична применливост, бидејќи резултатите укажуваат на потребата од континуирано следење, превенција и соодветен третман на пародонталните заболувања кај институционализираната геријатриска популација.
Трудот има научно и стручно значење.

6. Petrovski, M., & Papakoca, K. (2022). Oral signs and symptoms in COVID-19. Knowledge – Capital of the Future, 50(4), 427–430.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30082) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

7. Petrovski, M., & Carceva-Salja, S. (2023). Clinical manifestation of oral injuries caused by fixed orthodontic treatment. Knowledge – International Journal, 60(4), 617–621.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32362) (**индексирано во EBSCO**)
Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 349 од 15.8.2024 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

8. Petrovski, M., Stojanovic, S., Petrovic, S., Mladenovski, M., Nikolovski, B., Stavreva, N., Veljanovski, D., & Apostoloski, P. (2024). Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions. Acta Stomatologica Naissi, 40(9), 2863–2872.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36013) (**индексирано во Scopus- Q4**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 382 од 16.2.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

9. Petrovski, M. (2024). Prevalence of oral mucosal lesions among the institutionalized elderly people. Acta Stomatologica Naissi, 40(89), 2758–2772.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34492) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Трудот претставува оригинално клиничко истражување од областа на оралната медицина. Трудот ја обработува актуелната и клинички значајна проблематика поврзана со преваленцата на промените на оралната мукоза кај институционализирани лица од постара возраст. Истражувањето е спроведено во периодот мај–јули 2018 година во Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Скопје и опфаќа 70 испитаници постари од 65 години. Посебна вредност на трудот претставува диференцијацијата помеѓу патолошки промени на оралната мукоза и варијации во рамките на нормалниот наод. Резултатите покажуваат дека кај сите испитаници (100%) е регистрирана најмалку една промена во усната празнина, со просечно 2,24 ± 0,69 орални промени по испитаник. Кај нормалните варијации најчесто биле застапени Status Fordyce и обложениот јазик, додека меѓу патолошките промени доминирале лезиите поврзани со носење протетски помагала, особено улцеративните промени и протетскиот стоматитис. Трудот има значајна научна и практична вредност, бидејќи укажува на високата застапеност на оралните промени кај институционализираната старечка популација и на потребата од редовни стоматолошки прегледи и континуирано следење на патолошките лезии. Истражувањето претставува релевантен придонес кон унапредувањето на превентивната и клиничката стоматолошка грижа кај старите лица

Трудот има научно и стручно значење.

10. Petrovski, M., Veljanovski, D., Nikolovski, B., Mladenovski, M., & Kovacevska, I. (2024). Contemporary aspects of treatment of endodontal-periodontal lesions. Mathews Journal of Dentistry, 8(2), 1–5.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34464)

Евалуација на трудот: Во трудот се обработува современиот пристап во дијагностиката и третманот на ендодонтско-пародонталните лезии, кои претставуваат комплексна клиничка состојба поради меѓусебната поврзаност на пулпата и пародонталните ткива. Целта на трудот е да ги прикаже современите концепти во третманот на овие лезии, со посебен акцент на правилната дијагноза, и корелацијата си виталитетот на пулпата и степенот на пародонталниот дефект. За реализација на поставената цел е спроведен преглед на релевантната литература преку PubMed, а авторите ги анализираат терапевтските можности и прогностичките фактори кај различните типови ендо-периодонтални лезии. Посебно е истакнато значењето на ендодонтскиот третман кај примарните ендодонтски лезии и пародонталниот третман кај примарните пародонтални заболувања. Трудот има научна и практична вредност, бидејќи укажува на значењето на правилната диференцијална дијагноза и изборот на соодветен терапевтски пристап. Презентираните сознанија се применливи во секојдневната клиничка практика и придонесуваат кон подобрување на прогнозата и успешноста на третманот на комплексните ендо-периодонтални лезии.

Трудот има научно и стручно значење.

11. Asllani, L., Minovska, A., Petrovski, M., Barani, M., Aliu, K., & Hashani, E. (2025). Influence of osteoporosis at the level of the alveolar bone in the frontal mandibular region. Knowledge – International Journal, 69(4), 1–10.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35968)

Евалуација на трудот: Во трудот се анализира влијанието на остеопенијата и остеопорозата врз алвеоларната коска во фронталната регија на мандибулата. Истражувањето опфаќа четири групи испитаници: здрави лица, лица со остеопенија, пациенти со новодијагностицирана и нетретирана остеопороза и пациенти со остеопороза кои примаат терапија. Посебна методолошка вредност претставува користењето на DXA дензитометрија за проценка на минералната густина на коскеното ткиво и дигитална радиографска анализа на алвеоларната коска. Авторите го проценуваат растојанието помеѓу цементно-емајловата граница и алвеоларниот гребен, при што се забележуваат разлики помеѓу испитуваните групи. Резултатите укажуваат на значајна поврзаност меѓу остеопорозата и намалувањето на алвеоларната коска, што ја нагласува важноста на раната дијагностика и соодветниот третман.

Трудот има научно и стручно значење.

12. Asllani, L., Minovska, A., Petrovski, M., Barani, M., & Hashani, E. (2025). Connection between osteoporosis and periodontal disease: Review of the literature. Knowledge – International Journal, 68(4), 419–423.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35760) (**индексирано во EBSCO)**

Евалуација на трудот: Во трудот е анализирана поврзаноста помеѓу остеопорозата и пародонталната болест, со посебен акцент на влијанието на намалената коскена густина и остеопоротичните промени врз алвеоларната коска и прогресијата на пародонталното заболување. Авторите преку преглед на современата литература ги систематизираат досегашните сознанија и укажуваат на можната асоцијација помеѓу остеопорозата, губитокот на алвеоларната коска и клиничкиот губиток на атачмент. Особена вредност на трудот претставува неговата клиничка релевантност и нагласувањето на потребата од интердисциплинарен пристап кон пациентите со остеопороза и пародонтална болест. Авторите соодветно укажуваат дека односот помеѓу двете заболувања не е целосно разјаснет и дека се потребни дополнителни истражувања.

Трудот има научно и стручно значење.

13. Petrovski, M., Nikolovski, B., Veljanovski, D., Mladenovski, M., Papakoca, K., & Stavreva, N. (2025). Optimal oral health among institutionalized elderly in Republic of N. Macedonia. EC Dental Science, 24(1), 1–10.
(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35761)

Евалуација на трудот: Трудот обработува актуелна и значајна проблематика од областа на оралното здравје кај институционализираната стара популација. Во истражувањето се анализира присуството на оптимално орално здравје кај 118 институционализирани лица постари од 65 години, сместени во три установи за долготрајна грижа. Проценети се бројот на преостанати заби и DMFT индексот. Резултатите покажуваат исклучително несоодветна состојба на оралното здравје: само 2,61% од испитаниците имале 20 или повеќе заби, додека 41,74% биле целосно беззаби. Просечниот број на преостанати заби изнесувал 6,26 ± 3,9, а просечната вредност на DMFT индексот

25,48 ± 8,65. Научната вредност на трудот се согледува во обезбедувањето релевантни податоци за оралниот статус на една особено ранлива популација и во нагласувањето на потребата од интегрирање на оралната здравствена грижа во целокупната здравствена и социјална грижа за старите лица.

Трудот има научно и стручно значење.

14. Asllani, Lumturije and Minovska, Ana and Petrovski, Mihajlo and Barani, Merita and Shehu, Doruntina and Hashani, Elsa (2026) Epidemiology of Periodontal Diseases. Apolonia Journal of Dentistry, 1 (62-63). pp. 40-47. ISSN 1857-6087

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38710)

Евалуација на трудот: Трудот обработува актуелна и значајна проблематика од областа на пародонтологијата и оралното здравје. Во трудот се разгледуваат основните епидемиолошки и клинички аспекти на пародонталните заболувања, со посебен осврт на гингивитисот и пародонталните заболувања, нивната патогенеза, клиничките манифестации и последиците врз потпорните ткива на забите. Посебно е истакнато значењето на пародонталните заболувања како едни од најчестите хронични заболувања и како значаен причинител на губиток на заби кај возрасната популација. Научната вредност на трудот се согледува во систематизирањето на релевантните сознанија за епидемиологијата, превенцијата и современото разбирање на пародонталните заболувања. Трудот има и практична вредност, бидејќи ги нагласува можностите за превенција, рана дијагностика и соодветен третман со цел зачувување на природните заби.

Трудот има научно и стручно значење.

15. Veljanovski, Darko and Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo (2026) Mucogingival approach to implant placement in the maxillary area: a case series. Acta Stomatologica Naissi, 42 (93). pp. 48-55. ISSN 1820-1202

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38902) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Во трудот е претставен мукогингивалниот пристап при имплантно згрижување во максиларната регија, со цел истовремено подобрување на периимплантните меки ткива и естетскиот исход. Прикажани се три клинички случаи со различен временски протокол на имплантна поставеност – рана одложена, одложена и непосредна имплантација. Применетата техника вклучува коронално поместен букален флап, сврзноткивен графт и протетско обликување на меките ткива. Сите импланти покажале успешна осеоинтеграција и стабилност на маргиналното ниво на коската во период од 6 до 12 месеци, со задоволителна дебелина и висина на периимплантната мукоза и поволен естетски резултат. Научната и практичната вредност на трудот се согледува во примената на интегриран мукогингивален и имплантолошки пристап за решавање на комплексни естетски и мекоткивни предизвици. Ограничувањето на трудот е малиот број клинички случаи и краткото следење, што авторите соодветно го препознаваат.

Трудот има научно и стручно значење.

IV.1.2. Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:

16. Petrovski, M., & Papakoca, K. (2022). Surgical manipulation of soft and bone tissue in contemporary dental implantology. Knowledge – International Journal, 54(4), 639–643.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30409) (**индексирано**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

17. Terzieva-Petrovska, O., Petrovska, J., Velkoska-Kukuneshoska, G., & Petrovski, M. (2023). Twin-block in orthodontics: Indications, advantages and limitations. Journal of Dentistry Apolonia, 78–86.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33751)

Евалуација на трудот: Трудот претставува релевантен научно-стручен придонес во областа на ортодонцијата, со посебен акцент на примената на функционалниот Twin Block апарат во третманот на малоклузиите. Авторите обработуваат актуелна и клинички значајна проблематика, при што преку релевантна литературна анализа ги систематизираат индикациите, предностите и ограничувањата поврзани со примената на овој ортодонтски апарат. Посебна вредност на трудот претставува неговата практична ориентираност, бидејќи презентираните сознанија се значајни за правилниот избор на терапевтскиот пристап кај пациенти со различни видови малоклузии. Во трудот се разгледуваат можностите за примена на Twin Block апаратот кај Angle Class II и други ортодонтски аномалии, како и неговите предности во однос на толеранцијата од страна на пациентите, примената во мешана и трајна дентиција и комбинирањето со фиксни ортодонтски апарати. Истовремено, авторите критички ги посочуваат и неговите ограничувања и можните несакани ефекти. Со систематизирањето на современите сознанија за Twin Block апаратот, трудот придонесува кон унапредување на теоретските и практичните знаења во областа на ортодонцијата.

Трудот има научно и стручно значење.

18. Carceva-Salja, S., Atanasova, S., & Petrovski, M. (2023). Ефекти после лицева ортопедија кај пациенти со малоклузија III класа во различна возраст. Knowledge – International Journal, 59(4), 335–341.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32256) (**индексирано во EBSCO**)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 349 од 15.8.2024 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

19. Baftijari, D., Petrovski, M., & Baftijari, F. (2023). Influence of different risk factors on primary dental implant stability on two types of dental implants. Acta Medica Balkanica, 104–117.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32267) (**индексирано во EBSCO**)

Евалуација на трудот: Во трудот се анализира влијанието на различни системски и локални ризик-фактори врз примарната стабилност на денталните импланти. Истражувањето е спроведено во клинички услови и опфаќа два имплантни системи – MIS Seven и Straumann Standard Plus/Bone Level. Примарната стабилност е објективно проценета со анализа на резонантната фреквенција (RFA), со употреба на современиот систем Osstell IDX, што претставува соодветен и широко прифатен метод за клиничка проценка на имплантната стабилност. Резултатите укажуваат дека пушењето, дијабетесот, артериската хипертензија и пародонталната болест имаат значајно влијание врз примарната стабилност на имплантите. Кај Straumann имплантите, возраста се издвојува како најзначаен фактор.

Трудот има научно и стручно значење.

20. Petrovski, M., Ivanovski, K., Terzieva-Petrovska, O., & Papakoca, K. (2023). Dental prosthetic status and prosthetic needs of institutionalized elderly population in long-term residence in Skopje, Republic of N. Macedonia. EC Dental Science, 22(5), 84–97.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31691)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 334 од 1.12.2023 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

21. Veljanovski, D., Petrovski, M., Papakoca, K., Spirov, V., Susak, Z., Baftijari, D., & Dervishoski, A. (2024). Biomechanical parameters of implants placed with osseodensification versus implants placed with under-drilling osteotomy techniques in posterior maxilla: A comparative clinical study. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 15(2), 330–337.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34292) (**индексирано во Scopus)**

Евалуација на трудот: Трудот претставува оригинално и клинички релевантно истражување од областа на оралната хирургија и денталната имплантологија. Целта на студијата е да се процени влијанието на осеодензфикацијата во споредба со under-drilling техниката врз примарната и секундарната стабилност на имплантите во постериорната максила, особено во услови на намалена коскена густина. Истражувањето е дизајнирано како проспективна рандомизирана клиничка студија и опфаќа 22 пациенти со вкупно 37 импланти, распределени во група со under-drilling и група со осеодензфикација. Особена вредност на трудот претставува примената на анализа на резонантната фреквенција (RFA) за објективно следење на имплантната стабилност во текот на осеоинтеграцијата. Дополнително, примената на осеодензфикација со истовремена крестална синусна елевација во случаи со недоволна почетна висина на коската ја зголемува клиничката релевантност на истражувањето. Трудот обработува современа и актуелна имплантолошка техника и има значајна научна и практична вредност, бидејќи резултатите можат да придонесат кон подобар избор на хируршка техника кај пациенти со недоволен квалитет и квантитет на коска. И покрај релативно малиот примерок, студијата има јасно дефинирана цел, соодветен клинички дизајн и примена на објективни параметри за проценка на имплантната стабилност. Во целина, трудот претставува значаен придонес кон современата дентална имплантологија и позитивно се оценува во рамките на научноистражувачката активност на кандидатот.

Трудот има научно и стручно значење.

22. Arsovski, L., Carceva-Salja, S., Veleska-Stefkovska, D., Petrovski, M., Papakoca, K., Boev, I., & Ristova Delipetrev, M. (2024). Modifications on the dental implant surfaces and their influence on the osseointegration process. Acta Stomatologica Naissi, 40(89), 2749–2757. (**индексирано во Scopus-Q4**)

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34638)

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 390 од 1.6.2026 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

23. Terzieva-Petrovska, O., Petrovski, M., & Petrovska, J. (2024). Usage of Delaire facemask for treatment of class III malocclusion. Acta Stomatologica Naissi, 40(80), 2814–2822.

(https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34494) (**индексирано во Scopus-Q4**)

Евалуација на трудот: Трудот претставува релевантен научен труд од областа на ортодонцијата. Во трудот се обработува примената на Delaire лицевата маска во третманот на скелетна класа III малоклузија, особено кај пациенти во раст и развој. Целта на трудот е да се анализираат современите сознанија за примената, механизмот на дејство и клиничката ефикасност

